Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации 2010 („Сл.весник на РМ" бр.52/2010) и Собранието на Здружението Женска граѓанска иницијатива АНТИКО , на седницата на Собранието,одржана на ден 27. 04.2013 изврши измени и дополнувања и го донесе следниот пречистен текст на Статутот:

# С Т А Т У Т

На

## Женска граѓанска иницијатива АНТИКО

## 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Дефиниција на Здружението

ЧЛЕН 1

Здужението Женска граѓанска иницијатива АНТИКО е невладина непрофитна организација која настојува да ја промовира културата на мирот и ненасилството и обезбедува простор и услови за еднакви можности, родова рамноправност, дијалог , соработка , мирно решавање на конфликти, плурализам, толеранција и одстранување на сите видови на предрасуди омраза , нетрпеливост без разлика на половата, националната, верската и секаков друг вид на различност, во територија на Р.Македонија и пошироко, а во согласност со Уставот и Законите на Р.Македонија

ЧЛЕН 2

**Иницијатори и основачи на Женска граѓансака иницијатива АНТИКО се :** жени, лидерки и активисти од женски непрофитни организации, здруженија и активисти од женското и мировното движење на Р.Македонија.

ЧЛЕН 3

Здружението **Женска граѓансака иницијатива АНТИКО** од Скопје , дејствува на територијата на Р.Македонија. Таа иницира, соработува и мрежно делува со здруженија чии лидерки и активистки се нејзините основачи/ членови , а и со други здруженија , фондации и институции со кои делат заеднички интереси и вредности. Таа може да членува во асоцијации во земјата и странство согласно со Уставот и Законот на РМ и со овој Статут.

ЧЛЕН 4

**Женска граѓансака иницијатива АНТИКО** како Здружение своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со односите утврдени со Уставот на Република Македонија, со овој Статут и Законите на Р Македонија.

ЧЛЕН 5

Називот на здружението е: Женска граѓанска иницијатива АНТИКО
Името на (албански) јазик е: Iniciativa qytetare e femrave ANTIKO
Името на англиски јазик е: Women's Civic Initiative ANTIKO
Скратениот назив на Здружението е: ЖГИ АНТИКО.

ЧЛЕН 6

Седиштето на здружението е **Ул.,, Вуковарска,, бр. 23 /1/2 , Скопје ,** а се организира и делува на подрачјето на Скопје и цела територија на Република Македонија и останатите земји.
Печатот е овален, во горниот дел полукружно се испишани зборовите **Женска граѓанска иницијатива,** на Македонски јазик со кирилично писмо, а во продолжение на Албански јазик . На средината на печатот стои АНТИКО – ANTIKO, а во долниот дел е испишан зборот Скопје – Shkupi. Штембилот на Здружението е правоаголен со следниот текст: Женска граѓанска иницијатива АНТИКО на Македонски јазик со кирилично писмо и на Албански јазик, број, дата и место.

ЧЛЕН 7

Здружението Женска граѓанска иницијатива АНТИКО од Скопје, има својство на правно лице со права обврски и одговорности кои произлегуваат од овој Статут и законските прописи.
**Женска граѓанска иницијатива АНТИКО** го претставува и застапува Претседателот на здружението.

ЧЛЕН 8

Работата на здружението е јавна. Јавноста во работата се обезбедува со навремено и целосно информирање на членството и пошироката јавност , преку интерните средства и средствата за јавно информирање.

**ЧЛЕН 9**

## 2.ЦЕЛИ

Мисијата на ЖГИ АНТИКО е координирано мрежно делување во насока на промоцијата на културата на мирот и ненасилството, јакнење на женски капацитети и унапредување на политиките и практиките за постигнување на родова рамноправност.

Долгорочни цели на Здружението се:

- Да ја промивира културата и вредностите на мирот и ненасилството,
- Да делува во насока на обезбедување на простор и услови за еднакви можности за половите/родовите во сите сфери на општествениот живот.
- Да промовира дијалог, соработка, мирно решавање на конфликти, плурализам, толеранција, социјално вклучување, социјална правда, и одстанување на сите видови на предрасуди, стереотипи, омраза, нетрпеливост, дискриминација врз основа на пол, религија, националност и расна припадност во Р. Македонија и пошироко, со активно вклучување/ учество на жените и женските здрушенија во зацврстувањето на оваа иницијатива.
- Да влијае на зголемувањето на учеството на жените во одлучувачки позиции во обласа на политиката и економијата преку јакнење на женски капацитети и промовирање и поддршка на женското лидерство и babbприприемништво .
- Да го потикнува умрежувањето и да даде поддршка за јакнење на капацитетите на локалните женски групи и здруженија и сите други чинители кои работат на интеретничките прашања, изградбата на мирот во заедницата и постигнувањето на родовата рамноправност, се со цел на успешно заедничко мрежно делување и реализирање на активности кои произлегуваат од потребите на граѓаните/ките од локалните заедници на Р. Македонија и пошироко.

## 3. Дејности :

**ЧЛЕН 10**

Здружението работи врз основа на годишен план и програма за работа, односно преку следниве дејности / активности:

- Реализирање на програмски и проектни активности фокусирани на спроведувањето на догорочните и краткорочните цели на Здружението.

- Собирање на податоци и спроведување на анализи, истражувања и мапирања на состојби .
- Организирање на конференции, семинари , јавни дебати, трибини, тркалезни маси, форуми, обуки за обучувачи , летни кампови и школи и друг вид на кохерентни активности.
- Организирање на превентивни активности : кампањи за едукација , информирање и промовирање
- Јавно застапување , мониторинг и известување
- Покренување на иницијативи и активности кај надлежните релевантни органи и институции во насока на креирање на родово сензитивни политики, се со цел на остварување на целите и задачите на Здружението
- Иницирање и спроведување на адекватни активности за вмрежување, мултисекторката соработка (во решавањето на предизвиците и потребите на целните групи во заедниците) ,
- Промовирање на граѓанскиот активизам , волонтерството и партиципативната демократија преку реализирање на јавни акции во заедницата
- Спроведување на активности за градење и јакнење на организациските и институционални капацитети на здруженија - членови на мрежата на ЖГИ АНТИКО и други здруженија.
- Креирање на програми и спроведување на активности за родово сензибилизирање на Здруженија , активисти/ки за човекови/женски права, преставници на институции , локална администрација , родови комисии и други релевантни актери во заедниците
- Реализирање на студијски посети во земјата и во странство
- Спроведување на заеднички проекти и активности во партнерство со други здруженија и мрежи во земјата , регионот и пошироко.

## <u>4. ЦЕЛНИ ГРУПИ</u>

**ЧЛЕН 11**

Целни групи на ЖГИ АНТИКО се сите граѓани без разлика на нивната полова етничка, расна, културна, политичка, сексуална и друга припадност и определеност. Активностите на ЖГИ АНТИКО, ќе бидат насочини / фокусирани, особено кон социјално исклучените маргинализирани групи на жени и млади, а и кон здруженија и други засегнати страни и институции на локалано, национално и меѓународно ниво.

## 5. ОСНОВНИ НАЧЕЛА

**ЧЛЕН 12**

Начелата на кои се заснова работата на ЖГИ АНТИКО се: еднакви можности, ,недискриминација, транспарентност , отчетност , толеранција, отвореност ,соработка, вмрежување, активно учество, почитување на различностите.

## 6. ЧЛЕНУВАЊЕ ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ

**ЧЛЕН 13**

ЖГИ АНТИКО, е отворена за членување на поединци и Здруженија од Р. Македонија и други земји кои делуваат во областа на промоцијата на културата на мирот и ненасилството , заштита и унапредување на женските човекови права, родовите прашања ,унапредувањето на демократските процеси, плурализмот и постигнувањето на родовата рамноправност . Членството може да биде полноправно , асоцијативно и почесно.

Член на Здружението може да биде секој полнолетен граѓанин, државјанин на Република Македонија како и државјанин на други земји кој го прифаќа статутот и програмата на Здружението.

Зачленувањето се врши со пристапница односно со издавање на членска книшка, која при исклучување или престанок на членувањето во Здружението, задолжително се враќа со потпишување на лична писмена изјава.

Освен индивидуално членство, во ЖГИ АНТИКО членуваат и Здруженија, Фондации и други правни лица во својство на колективен член, кои доброволно ќе пристапат кон мрежата на ЖГИ АНТИКО со давање на писмена изјава - заверена пристапница од страна на Здружениото кој поднесол барање за колективно зачленување во нејзината мрежа. Членувањето во мрежата ќе биде во зависнисот од исполнувањето на критериумите/условите (за полноправно, асоциативно или почесно членство) дефинирани во посебните донесени акти - Правилници за прием на членство во мрежата на Здружението.

Здруженијата кои потпишуваат пристапница за членување го прифаќаат Статутот и другите усвоени акти на ЖГИ АНТИКО , (во зависност од исполнувањето на условите за видот на членување) стануваат и се именуваат како членови на Мрежата на АНТИКО

Членувањето во мрежата на ЖГИ АНТИКО се реализира преку потпишување на ,,Меморандум за соработка и разбирање,, , со дефинирани критериуми и кодекси на однесување и сите други акти со кои се регулира работата на

мрежата, како и правата и должностите на полноравното, асоцијативното, индивидуалното и почесното членување.

Малолетно лице со наполнети 14 години се зачленува во здружението со давање на потпишана изјава за согласност на неговиот законски застапник ,и во согласност со Законот.

**ЧЛЕН 14**

Женска граѓанска иницијатива АНТИКО за своите членови води регистар на членство кој се ажурира на 2 години. Податоците од регистарот се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации .

**ЧЛЕН 15**

1.Членот има право да бира и да биде избиран во органите на Здружението, да учествува во работата на Здружението, да придонесува во развојот, промовирањето, популарноста на Здружението, доброволно да се откаже од членувањето, да ги изнесува своите ставови по поставени прашања. Правото да бидат избрани е ограничено само за малолетните членови.

**ЧЛЕН 16**

**Членовите на Здружението се должни:**

- Да го почитуваат Статутот,
- Да плаќаат редовно чланарина
- Да присуствуваат на состаноците, да доставуваат податоци и извештаи за работата на Здружението во остварувањето на нејзините цели
- Да земаат активно учество во спроведувањето на Програмата на активностите на Здружението.
- Да ги извршуваат совесно и одговорно активностите предвидени со Програмата за работа
- Да ги почитуваат дефинирани стандарди и кодекси на однесување и сите други донесени внатрешни акти( правилници ) на Здружението.

**Членството во Здружението може да престане:**

**ЧЛЕН 17**

- Ако дејствува против законите на Р.Македонија
- По барање на членот на Здружението,

- Ако не го почитува ( прекршува) Статутот и обврските кои произлегуваат од него,
- Ако не ги почитува усвоените стандарди и кодекси на однесување и другите усвоени акти за работата на здружението и мрежата.
- Ако дејствува против целите на Здружението,
- Ако не ја плаќа редовно членарината,
- Одлука за престанок на членството во Здружението донесува Извршниот Одбор на Здружението.

## 7. СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО СРЕДСТВАТА

**ЧЛЕН 18**

Здружението остварува средства од:

Членарина, донации, доброволни прилози, спонзорства, Буџет на РМ и локалните самоуправи. Давање на услуги на други здружениа, организации и институции, провизии од органи, организации, заедници и од други установи, од трговски друштва и други правни лица; Од други услуги (имотни права и сл.), од други извори предвидени со соответните Закони на Р. Македонија и Статутот и другите акти на Здружението.

**ЧЛЕН 19**

Користење и располагањето со средствата на Здружението добиени по основите од претходниот член се врши на начин утврден со овој Статут и останатите Законски акти/норми, утврдени со финансискиот план и врз основа на валидни документи. Финасисиските средства се користат за остварување на целите на Здружението /мрежата определени со Статутот, Програмите и другите акти на ЖГИ АНТИКО.

**ЧЛЕН 20**

За користење и располагање со средствата одлучуваат органите на Здружението, согласно надлежносите утврдени со овој Статут, кои преземаат мерки за економско целосообразно користење на средствата и за спречување и отстранување на незаконитостите.

**ЧЛЕН 21**

ЖГИ АНТИКО, донесува свој Годишен финансиски план за приходите и расходите. Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по член 18 од Статутот, како и расходите за општествената активност, плати на вработените, надоместоци за ангажираните лица, патни трооци, дневници и материјални трошоци за работа на Здружението и други расходи сврзани со работата на ЖГИ АНТИКО . Финансискиот план може во секое време да се измени.

**ЧЛЕН 22**

Здружението со посебна одлука може да формира акционерско друштво, друштво со ограничена одговорност и друг облик, согласно Законот за трговски друштва на РМ.

## 8. ОРГАНИ

**ЧЛЕН 23**

Органи на Женска граѓанска Иницијатива АНТИКО се:

1. Собрание
2. Претседател
3. Извршен одбор
4. Извршна канцеларија
5. Надзорен одбор

**Собрание**

**ЧЛЕН 24**

Собранието е највисок орган на Женска граѓанска Иницијатива АНТИКО. Собранието го сочинуваат преставници на Здруженија полноправни членови/ки со право на глас, и сите други индивидуални членови/ки , преставници/чки на Здруженија асоциативни членови/ки, како и почесните членови/ки на Собранието, чии права и обврски се детално дефинирани/опишани во други донесени акти (Правилници на Здружението).

**ЧЛЕН 25**

Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно. Изборното Собрание се свикува на секои 4 години. Конституирањето на органите и телата мора да се изврши 30 дена пред истекот на мандатот на членовите на органите и телата.

Поканата со материјалите за дневен ред во писмена форма се доставува најмалку 7 дена пред одржување на седницата.

Редовните и вонредните седници на Собранието се одржуваат во Извршната канцеларија или на различни места во договор со членството.

Доколку , нема доволни финасиски средства за одржување на **вонредните седници** на Собранието, истите може да се реализираат и по електронски пат( преку скајп состаноци или мејлинг листата) во форма на предлози , изнесување на ставови, мислења, покренување на иницијативи , заклучоци, препораки и донесување на одлуки.

**ЧЛЕН 26**

**На изборното собрание се избира:**

- Работно претседателство од три члена;
- Записничар;
- Двајца оверувачи на записникот;
- Органи на управување /извршни органи на Здружението.

**ЧЛЕН 27**

Седниците на Собранието ги свикува Претседателот на Извршниот одбор по сопствена иницијатива.

Седници на Собранието се свикуваат и по предлог на Извршниот одбор на Здружението или на 1/5 од вкупниот број членови на Собранието.

Ако претседателот во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Извршниот одбор или иницијаторите.

Седницата на Собранието за работа на Извршниот одбор може да се свика и по предлог на Надзорниот одбор.

Начинот на свикување на седниците на Собранието на Здружението се определува со Деловникот за работа на Собранието.

**ЧЛЕН 28**

Собранието на Здружението, Женска граѓанска иницијатива АНТИКО од Скопје од редот на своите членови /ки, избира Извршен одбор.

Собранието може полноправно да одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број членови.

Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

На Собранието се одлучува со јавно гласање, но по потреба и на предлог од 1/3 од членовите / делегатите гласањето може да биде и тајно.

Членовите на Собранието во секое време треба да ги имаат целите и интересите на Здружението над поединечните или посебните цели на која и да е друга страна.

**ЧЛЕН 29**

**Собранието ги врши следните работи:**

- Усвојува стратешки документи , план и програма за работа и општи акти
- Го донесува Статут на Здружението и врши измени и дополнувања на истиот;
- Усвојува годишен извештај за работата и финасиски извештај

- Усвојува завршна сметка и финансиски план
- Одлучува за промена на целта на здружувањето
- Одлучува за основање и укинување на мрежа, ограноци и други облици на организирање на Здружението
- Одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации- мрежи
- Верифицира прием на нови членови и престанок на членувањето;
- Донесува програми за работа на Здружението;
- Избира и разрешува членови на Извршниот одбор;
- Го разгледува и усвојува извештајот за работа на Извршниот одбор помеѓу две собранија;
- Одлучува за статутарни измени
- Расправа за постигнатите резултати од развојот на Здружението и дава насоки за натамошен развој на Здружението;
- Донесува одлуки, заклучоци, препораки за решавање на прашања од интерес на Здружението;
- Избира и разрешува членови на Надзорниот одбор.
- Разгледува и одлучува врз основа на наодите на Надзорниот одбор.
- Одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство;
- Врши и други работи кои произлегуваат од Статутот и донесените внатрешни акти на Здружението .

## ЧЛЕН 30

**Извршен одбор**

Извршниот Одбор на Здружението е Извршен орган на Собранието во кој секој член има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и развој на Здружението во согласност на Статутот.

Член на Извршниот одбор се изема од гласање за прашања поврзани со него, со неговиот брачен другар или роднина до втор степен и за прашања кои се однесуваат на некое лице врз кое тој има контрола или економски интерес .

## ЧЛЕН 31

Извршниот Одбор на Здружението Женска граѓанска иницијатива АНТИКО од Скопје го сочинуваат непарен број на членови, а најмалку 5 члена. Мандатот на членовите на Извршниот Одбор трае четири години.

Извршниот одбор од своите редови избира Претседател со мандат од 4 години со можност да биде повторно избран.

**Извршниот Одбор ги врши следните работи:**

- Ја креира програмата и годишниот план за работа на Здружението
- Ги подготвува седниците на Собранието, припрема материјали за седниците на Собранието;
- Го подготвува нацрт статутот, предлага измени и дополнување на статутот и ги подготвува другите одлуки што треба да ги верифицира Собранието;
- Ја спроведува политиката,заклучоците и донесени одлуките на Собранието;
- Ги спроведува статутарните и програмските задачи на Здружението;
- Ја потикнува комуникацијата и соработката помеѓу членовите на мрежата
- Учествува во верифицирањето на Стручната служба
- Управува и одговара за управувањето со имотот на Здружението;
- Подготвува годишен и периодичен извештај за својата работа;
- Подготвува и реализира годишна програма за работа;
- Донесува соодветни правилници
- Констатира прием на нови членови и престанок на членување доколку за тоа биде овластен извршниот одбор од страна на Собранието;
- Донесува одлуки за формирање на постојани и повремени работни тела и комисии и ја насочува нивната работа;
- Организира и активно учествува во организирањето на разни акции и манифестации;
- Донесува одлуки за доделување на награди, пофалници и признанија;
- Дава согласност за набавка и отуѓување на основните средства;
- Дава мислење и согласност на Правилникот за организација и работните задачи на стручната служба.
- Донесува одлуки по приговори и жалби;
- Предлага и спроведува финансиски план и изготвува завршна сметка на Здружението;
- Решава за формирање на ограноци на Здружението;
- Врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот на Здружението и од Законот.

**ЧЛЕН 32**

Извршниот Одбор за својата работа одговара пред Собранието на Здружението.

Извршниот Одбор се состанува ровно и одржува седници по потреба.Седницата на извршниот Одбор ја свикува Претседателот. Предлог за свикување на Извршниот Одбор може да поднесе една половина од Извршниот одбор или една третина од членовите на Собранието.Со седницата раководи и претседава Претседателот, а во негово отсуство раководи член од Извршниот одбор кој ќе го назначи Претседателот.

Начинот на свикување на седницата и работењето на Извршниот Одбор се уредува со деловникот за работа.

Членовите на Извршниот одбор во секое време треба да ги имаат целите и интересите на Здружението над поединечните или посебните цели на која и да е друга страна.

**ЧЛЕН 33**

Заради извршување на статутарните и програмските задачи и Одлуки на Собранието и на Извршниот одбор, Извршниот одбор може да формира други работни тела.

**ЧЛЕН 34**

**Преседател/ка**

Преседателот/ката на Извршниот Одбор , е, истовремено и Преседател/ка на Здружението. Таа/тој го преставува и застапува Здружението. Е наредбодавател во областа на материјално финасиското работење,

Преседателката ја преставува и ја застапува ЖГИ АНТИКО во правниот промет и спрема трети лица во јавноста.

Правата , обврските ги реализира во согласност со Законот, Статутот и другите донесени актити на Здружението .

Преседателот/ката е потписник е на сметките на Здружението и ги одобрува сите финансиски трансакции

Преседателот/ката ја координира комуникацијата и спроведувањето на програмата и планот за работа.

Преседателот/ката ( Застапникот ) го преставува и има улога на контакт лице на ЖГИ АНТИКО

Претседателот /ката ги свикува седниците на Извршниот одбор, предлага дневен ред и преседава со седниците.

Во случај на отсутност на Претседателот/ката , со седницата преседава избран заменик од редот на членовите на Извршниот одбор по предлог на Претседателот/ката.

Претседателот е должен да свика редовни седници на Извршниот одбор, а по потреба и повеќе пати по барање на 1/2 од членовите на Извршниот одбор.

Доколку Здружението нема доволни финасиски средства (или од било кои опрвдани други причини) за одржување на редовните или вонредните состаноци, истите може да се обавуваат по електронски пат ( скајп состанок или мејлинг листата)

Донесувањето на одлуките се реализира со јавно гласање , освен во одредени случаји, доколку мнозинството на членови на Извршниот одбор не одлучи да гласа тајно.

Преседателот/ката ги потпишува актите за соработка со други организации на територија на Република Македонија и надвор од неа.

Преседателот/ката се изема од гласање за прашања поврзани со него, со неговиот брачен другар или роднина до втор степен и за прашања кои се однесуваат на некое лице врз кое тој има контрола или економски интерес .

Преседателот /ката за својата работа одговара пред Собранието

**ЧЛЕН 35**

**Преседетелот/ката ги има и следните должности :**

- Преседателот /ката ја одредува /спроведува кадровската политика на Извршната канцеларија и раководи со нејзината работа.
- Ги избира и разрешува члeновите на Извршната канцеларија и главниот координатор ( одговорно лице) на Извршната канцеларија
- Управува и ја надгледува работа на Извршната канцеларија
- Потписник е на сметките на Здружението и ги одобрува сите финансиски трансакции
- Ја спроведува политиката ,заклучоците и донесените одлуки на Собранието
- Го информира Собранието со текот и резулататот на програмските и проектните активности и за финасиите поврзани со нив.
- Ја избира / составува организациската структура на Извршната канцеларија и ја предлага на верификација на Извршниот одбор .
- Заедно со членовите /ангажираните лица во Извршната канцеларија, учествува во планирањето и подготовката на предлог програми и проекти.
- Се грижи и го следи (надгледува)успешноста на инплементацијата на програмските и проектните активности, како и работата и постигнатиот успех и перформанси на проектните координатори и други вклучени лица.
- На состаноците на Извршниот одбор дава квартален извештај за активностите.
- Најмалку еднаш годишно и до Собранието доставува извештај за работата.

**ЧЛЕН 36**

**ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА**

Извршната канцеларија на Женска граѓанска иницијатива АНТИКО е орган на Извршниот одбор кој се грижи за успешно реализирање на програмите , иницира пишува и координара проекти во согласност со стратешкото планирање и усвоената годишна програма, реализира адмистративно технички и на нив слични

работи од заеднички интерес за успешно организациско и финасиско работење и остварување на целите ,задачите и јавното промовирање на ЖГИ АНТИКО .

Работата на Извршната канцеларија - обврските , должностите и правата се дефинираат со посебните донесени акти (правилници) на Здружението .

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

**ЧЛЕН 37**

Надзорниот одбор на Здружението брои 3 членови кои се избираат од редот на надворешни лица, кои не се членови на Собранието.

Членовите на Надзорниот одбор во исто време не можат да бидат и членови на други органи на здружението. Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае 2+2 години.

**ЧЛЕН 38**

Надзорниот одбор работи на седници. Седниците ги свикува претседателот. Претседателот на Надзорниот одбор свикува седници најмалку еднаш годишно и по потреба.

**ЧЛЕН 39**

Надзорниот одбор ги врши следниве работи

- Врши надзор на правилното спроведување и примена на одредбите од Статутот и другите општи акти на Здружението;
- Врши надзор на извршувањето на одлуките на Собранието, Извршниот одбор и на другите тела на Здружението;
- Се грижи за имотот на Здружението
- Врши надзор за наменско трошење на средствата;
- Ја прегледува годишната завршна сметка и други акти на Здружението /мрежата
- Еднаш годишно поднесува извештај за направениот увид;
- Предлага мерки за спречување и отстранување на неправилностите во работата;
- Врши и други работи согласно законот и актите на здружението;
- Своите наоди и одлуки надзорниот одбор ги доставува до Собранието и Извршниот Одбор.

**РАБОТНИ ГРУПИ**

Работните групи се формираат за реализирање на конкретни програмски задачи во согласност со стратешките и програмските цели на ЖГИ АНТИКО

Секоја работна група може да се состои од 3 до 7члена , од редот на преставниците од мрежата на ЖГИ АНТИКО

Членовите /ките на работните групи се избираат со просто мнозинство со јавно гласање од страна на Собранието

## 9. ЈАВНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТАТА

**ЧЛЕН 40**

Работата на ЖГИ АНТИКО и нејзината мрежа е јавна. Јавноста се обезбедува со континуирано известиување на јавноста за својата рабата, по пат на соопштенија и давање на информации преку средствата за јавно информирање, оддржување на прес конференции, поканување на средствата за јавно информирање на реализираните активности, настани и седниците на здруженитео/мрежата и други форми на јавно информирање преку веб станици, веб портали,социјални мрежи и дрг.

## 10. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**СТРУЧНИ СЛУЖБИ И УСЛУГИ**

**ЧЛЕН 41**

За извршување на административни стручни или друг вид на стручна поддршка и на нив слични работи од заеднички интерес за остварување на задачите и целите на Здружението, може да се формира стручна служба или да се довери на соответни стручни организации и поединци , при што меѓусебните права и обврските се дефинираат - уредуваат со посебен договор.

За постигнување на целите на ЖГИ АНТИКО постои можност да се ангажираат и стручни лица или сервиси за давање на експертска , консултантантска или друг вид на соответна помош, поддршка или услуга.

Организацијата и работата на Стручната служба и ангажманот на експертите, консултантите и сервисите се уредуваат со посебни акти кои ги донесува Извршниот одбор.

**ЧЛЕН 42**

**ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ**

Измените и дополнувањата на Статутот се вршат по постапка како и при неговото донесување.Иницијатива за измени и допонувања на Статутот може да покрене Собранието и Извршниот одбор. По измените и дополнувањата се води јавна расправа. Преседателката е должна во рок од 30 дена од денот на донесувањето на измените да ги достави до Центаралниот регистерна Република Македонија

**ПРЕСТАНОК НА РАБОТАТА**

**ЧЛЕН 43**

ЖГИ АНТИКО престанува со работа во следниве случаи:

- Ако бројот на членовите се намали под бројот определен со Закон за основање на Здружение ;
- Ако настапат причини утврдени по член 63 од Законот за здруженија и фондации.
- Одлука за престанок на Здружението донесува Собранието со двотретинско мнозинство.

Основачите на Здружението Женска граѓанска иницијатива АНТИКО имаат право да го укинат Здружението.

**ЧЛЕН 44**

Во случај на престанок на работатата на Здружението, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на организација истоветна на здружението.

**ЧЛЕН 45**

Доколку неможат да се исполнат условите утврдени во Членот 44, во случај на престанување на работата на здружението неговиот имот преминува восопственост на Република Македонија.

**ЧЛЕН 46**

Толкување на одредбите на овој Статут дава Собранието на Здружението, а помеѓу две Собранија, Извршниот одбор на Здружението.

**ЧЛЕН 47**

Овој Статут влегува во сила од денот надонесените измени и дополнувања и доставувањето во Централниот регистер на Република Македонија

**Место, датум ,**

Скопје , 27.04.2013

Женска граѓанска иницијатива АНТИКО
**Претседателка- Застапник**

Ѓулер Небиу